UDC 329.(497:=18)

Avni Avdiu, PhD candidate[118]

# E MAJTA DHE E DJATHTA TE PARTITË POLITIKE SHQIPTARE NË BALLKAN

# ЛЕВИЦАТА И ДЕСНИЦАТА КАЈ АЛБАНСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО БАЛКАНОТ

# THE LEFT-RIGHT POLITICAL SPECTRUM AT ALBANIAN POLITICAL PARTIES IN BALKAN

Abstract

Today we are all influenced by political decisions. Watching the political decisions, they deeper are taken by narrow party and personal interests of some people, but nevertheless, it remains disguised justification of the program relating to definitions and ideological orientations. The role of the former dictatorial party system is undeniable in leaving ideological footsteps. It seems that its roots have been deep and this is reflected in the manner of articulation, action and political behavior in general. When talking about the Albanians in the Balkans, it's worth saying that they have seen from different historical perspectives and for this the causes should be sought in their division in six states. This division was not only territorial, but is associated with other aspects of political, social, economic and even psychological. The fall of one-party dictatorship regime which was long-time called in communist value, left serious consequences, which is described in the literature as the period of transition. In Albania it *reached* a *critical point* by the collapse of

[118] PH.D.c по филозофија и PH.D.c по социологија

pyramid schemes, while in Kosovo, Serbia and Macedonia by armed conflict. Guilty of such a state were exactly the political parties, they who misused the transition period, lying, deceiving and taking advantage except for their narrow interests. They were divided into a few of them, were labelled with different names, tried to express the left-right ideological settings, but in reality, they had one thing in common: their interest separately or individually and separately narrow benefit-sharing. Ideology was only false shield through which they created the necessary separation for them, because in reality they were unique, and together in an action of theft, corruption and manipulation in all kinds of power. In Albania clashes between the Socialist Party, successor of the Labour Party (Communist) and the Democratic Party became hostile to the death. They called on national and state interests, but forgot that their fight was against to what they pretended. In Kosovo after the war and NATO intervention, the most bitter political struggle developed between the Democratic League (with the peaceful background) and the Democratic Party (with the war background). For Democratic League it can be said that it was a mix-staffed Titoist, Enverist, Marxist, Stalinist and liberal-democratic, early unsaid about the ideological orientation, and then eagerly to be exposed as rightist. Democratic Party not only to the personnel structure, but also by the way of organization was leftist, but never spoke as such, but rather posing as a rightist. In Macedonia the first on political scene from Albanian came the Party of Democratic Prosperity, for which it can be said that also said for Democratic League of Kosovo. They were even related by a joint body in the inter-Albanian level in former Yugoslavia. Albanian Democratic Party although its leader was ideologue of the Left in Kosovo, simulate as a rightist and this did more to connect with VMRO-DPMNE, so easier to ascend to power. Democratic Union for Integration had no complex of pronunciation like leftist option, even its leader said this openly, without hiding or disguising his past in Marxist-Leninist organizations illegality. But it was

helped by war to win in elections, because peacefully, as Enverist, will not reach out to climb the peaks of political success.

Клучни зборови: политика, партија, левица, десница, социјализмот, комунизмот, либерална-демократија, капитализмот

Зборувајќи за политиката се здобива впечаток дека сѐ е речено, но во исто време и ништо не е кажано, зашто во случајов се поставуваат мноштво прашања на кои треба да се одговори. Одамна не биле толку поврзани животот и политиката како последниве дваесет години. Секојдневието покажува дека денес сите сме под влијание на политичките одлуки, па дури и тој што сака да ја избегне политиката не може да го направи тоа, зашто политиката го следи него. Гледано од оваа точка, општеството е исполитизирано и политиката стана еден сѐ побитен дел на животот. Се чини дека економската, социјално-политичката, идеолошката и цивилизациската криза, што го зафати светот во целина, заседе битно место во алките на севкупното толкување. Некогаш се чинеше дека социјализмот облечен со марксистичка облека присвои повеќе следбеници. Понатаму, оваа доктрина ја доби симпатијата на мнозинството поради фактот што токму мнозинството е постојано угнетено, експлоатирано и малтретирано. Овој слој го изнаоѓаше своето засолниште во сонот за слобода, рамноправност и правда. Овој сон стана идеал, стремеж и неумолива борба за постигнување на еден што посовршен свет, каде што би се исчезнала длабоката дискрепанција помеѓу оние коишто не знаат каде да ги однесат нивната богатства и на оние коишто страдуваат за парче леб. Но, изгледа дека трагедијата на социјализмот стоеше токму кај оние што во нивните раце го зедоа бајракот на практичното применување на оваа идеологија. Добрата теорија тие практично ја направија неможна за реализација во живот. Идејата за рамноправно распределување на богатството ја претворија во рамноправно распределување на сиромаштијата. Во многу држави, каде што се обидуваше да се

инсталира социјализмот, практично се постави системот на сиромаштијата, неправдата, насилството и бирократијата. Најмоќното оружје за задржување на овој систем беше пропагандата, преку која се измислуваше илузијата на градењето и процветувањето на социјализмот, а потоа и на неговата врвна фаза – комунизмот, тогаш кога кралството на човечката среќа би се постигнало, каде што секој би дал по можност и би зел по потреба. Но, можностите систематски беа ограничени поради недостаток на конкуренција, додека потребите беа неограничени поради недостаток на ресурсите и капиталот. Со отстранување на челичната завеса на изолацијата, народите на овие држави во другиот дел од светот видоа нешто што не виделе ниту во сон. Неограниченото богатство, правото на имот, слободата на изразување, политичкиот плурализам и други вредности биднаа првата атракција што ги привлекоа не само нивните умови, туку и нивните души. Социјализмот, некогаш многу посакан и засеан уште од детство како пионери, за кратко време стана најомразениот можен збор, додека класиците на марксизмот станаа вампиризираните демони на епохата, дури и од оние што некогаш го предаваа марксизмот. Се критикуваше и се напаѓаше социјализмот, додека не се забележуваа слабостите и пропустите на либерализмот. Со толку оган и страст луѓето се дадоа по новите светски вредности на либералната демократија, што ако би се појавил некој друг што би бил против тие вредности, тогаш тој се сметаше за ненормален. Социјализмот се сметаше инфериорен "како економски, така и морално во споредба со капитализмот„[119], а либерализмот стана единствениот привилегиран дискурс, којшто "го полага правото да биде универзално и

[119] Hoppe, Hans, H., *'A Theory of Socialism and Capitalism'*, Department of Economics University of Nevada - Las Vegas, Kluwer Academic Publishers, Boston/Dordrecht/London, 1989, p.167.

глобално присутен, додека земјите во транзиција се претворија во кампови за обука според тој дискурс”[120].

Сепак, поминувањето од еден систем во друг не беше толку лесно. Згора на тоа, овој помин се направи брзо и се проследи со тешки последици; економски со затворањето и стечајот на многу фабрики и како последица на тоа и губењето на илјадници работни места; политички, поминувањето во партиски плурализам, без адекватна политичка едукација, што доведе до чудни метаморфози на личностите – преку ноќ многу поранешни комунисти станаа демократи и фанатични и екстремни либерали, потоа општествени промени што се одразија во разурнување на традиционалната и претворањето на вредностите итн.

Иако ориентирани кон капитализмот, сепак „економиите сѐ уште останаа изолирани во транзиција, како неефикасни хибриди на државните претпријатија и мафијашкото претприемништво“[121].

Поранешните комунисти како стари волци, но сега со кожув на јагне, штом ги заседоа водечките позиции, почнаа да ги злоупотребуваат, да станат авторитарни обелоденувајќи нивниот вистински монистички идентитет, што го држеа под сенка, правејќи се како толерантни луѓе и почитувачи на разновидноста на демократските мислења и чинови. Почнаа да ограбат колку што можеа од и онака бедната државна каса, крадејќи милиони долари, собраа околу нив тесната семејна и клиентелна клика, проширувајќи го непотизмот и клептоманијата во вознемирувачки димензии. Тие не демонстрираа ниту политичко знаење, ниту зрелост, туку спротивно на таа политичка ароганција и уличност, коишто од телевизиските дебати каде што се навредуваа еден на друг, го спостираа на терен, каде што ги принудуваа наивните симпатизанти дури и да се искрвават меѓу себе. За едно работно место од кутриот симпатизант се бараше да стане

[120] Саркањац, Бранислав, ‘*Македонски катахрезис*’, 359º Books 05, Скопје, 2001, стр.31.
[121] Gellner, Ernest, ‘*Konditat e lirisë*’, Fryma - Dukagjini, Pejë, 2002, f.28.

служител и послушлив роб како јагне, да работеше за партијата лепејќи постери, собирајќи гласови, обидувајќи се до нивно броење со услов да краде гласови ако е можно, полнувајќи ги кутиите со ливчиња; и покрај сето ова можеби пак му требаше да плаќаше суми на пари за да го обезбеди тоа работно место што му се ветуваше. Како последица на ова, државата продолжува да доживува кризи една по друга, додека народот постепено почна да се грди од штотуку создадениот систем, анатемирајќи го предолгиот период на транзицијата, којшто беше „меден месец“ за корумпираните политичари коишто никогаш никому не дадоа отчет, заради тоа што тие беа над законот. Очаеноста на народот доаѓаше во предвид од година во година. Меѓу луѓето немаше надеж дека ова ќе биде ново време. Народот ја изгуби почитта кон системот и политичарите, секаде сè повеќе се *чувствуваше индиферентноста на граѓаните за политичката сфера, а оваа се одразуваше во изборните циклуси.* Народот разбра дека либералната демократија не беше идеална, дека вината за ова ја имаше и самата природа на овој систем. Се зборуваше за приватен имот, додека истовремено кај него можеа да стигнат ексклузивно тие што некогаш државниот имот го искористеле како приватен имот. Се зборуваше за рамноправност пред законот, додека политичарот секој ден кршеше многу закони, спасувајќи се без трн во нога, додека обичниот граѓанин се казнуваше на драконски начин за малку нешта. Се зборува за слобода на движењето, а од друга страна преку системот на визниот режим, современиот политички систем на Европската Унија воведе контрола и дури директно спречување на слободното движење. Се разбира дека либерализмот не е ништо полош од неговите идеолошки противници. Тој повеќе им одговара на потребите на богатите. Во секојдневната политичка пракса сите „изми“ се чини дека се во иста позиција. Политичките концепти во суштина се оспорени. Либералите не се согласуваат во врската со границите на толеранцијата, легитимноста, на социјалната држава и вредностите на демократијата. Тие дури и не се согласуваат за природата на

слободата. Од друга страна или гледано поинаку, и економистите, на пример, имаат разни мислења меѓу себе како треба да функционира намалувањето на даноците. Оспорените дефиниции се резултат на спротивставените интереси. Освен тоа мора да се согласиме дека политичките поими постојано се збогатуваат со нови значења. Сите видови на објаснувања сугерираат дека би требало да се стремиме да ги осознаеме повеќе либерализмите отколку либерализмот, значи дека се соочуваме со либерализми повеќе отколку со либерализам. Сходно со ова посмодернистички кажано, секој би требало да ги преиспитува своите мислења за секое мошно прашање. Демократијата е веќе етимолошки власт на мнозинството. Карл Попер прашуваше: „Што да се прави кога мнозинството од демократијата ќе донесе одлука својата власт да му ја пренесе на еден тиранин?!" На таа линија и Херберт Спенсер прашуваше: „Ако народот по пат на плебисцит избира еден човек за деспот, дали тој народ останува слободен поради тоа што деспотизмот е негов сопствен избор? Од друга страна капитализмот дозволува богатите да ги поткупуваат политичарите, а политичарите на високо ниво им ја прилагодуваат политиката на економските потреби. Не речеше бесполезно Макијавели: Целта ги оправдува или ги одредува средствата. Десните партии велат дека државата не треба да бара толку многу такси и даноци. Дозволете нѐ нам да ги скратиме државните трошоци и заедно со нив и потребата за високи такси и даноци. Левите партии велат дека еден дел на добрата треба да се распределат преку политиката, бидејќи пазарот има тенденција да ги распредели на еден сосема неправеден начин. Во принцип, „левицата е политиката којашто се реферира на етиката и не ја прими неправдата... левица значи да им направиш добро на другите, значи алтруизам; додека десницата значи да целиш кон своето добро, егоизам..."[122].

Државата треба да обезбеди рамноправни можности за сите, без разлика на потеклото. Затоа, треба да се врши нова

[122] Sartori, Giovanni, *'Ç'është demokracia'*, Dituria, Tiranë, 1998, ff.251-252

распределба, земајќи од богатите и давајќи им на тие што имаат послаба економија. Државата треба да им нуди образование, здравствени услуги и други нешта со цел овие основни потреби да се исполнат за сите. Политичките партии, односно нивните претставници почнаа да ги помешаат концептите лево-десно, малку од незнаење, малку поради желба: од незнаење, затоа што повеќето политичари немаа адекватно образование и едукација, па дури повеќето од нив беа само со средно образование, вклучувајќи ги лидерите на партиите, додека од малкуте интелектуалци што беа имаа образование само од егзактните науки, така што немаа ни врска ниту со елементарните нешта од политиката. Па, сите нивни дискурси, анализирани подробно, не се ништо, освен взаемни кавги во стилот: „вие сте крaделе повеќе“, „ние се залагаме повеќе за националното прашање“, „ние сме го направиле ова, вие не сте направиле ништо“ итн. Врвот на баналноста на овие судири се постигна кога од вербалните кавги се преминуваше на физичко пресметување во парламент, па дури живо и во медиумски дебати.

Сите нудат критика, но не нудат решение. Изгледа дека воопшто сите се *соочуваат* со непознат простор што не може да го разберат. Оттука, од оваа грешка, произлегуваат сите проблеми. Историски судено, не знам дали имавме среќа или несреќа да бидеме генерацијата што го доживеа драматичниот судир на идеологиите и поделбата на светот поради нив.

Идеологијата го пренагласуваше наметнувањето на редот на идеите врз редот на реалноста. Но реалноста сè повеќе се комплицираше токму поради идеолошкиот фанатизам. Тензиите меѓу суперсилите и нивните сојузници довеле до низа конфликти. Во анархичниот свет, каде што предност му се даваше на аргументот на силата, беше и правото на најмоќниот. Оваа состојба сите нè ставаше во чувствителни положби, каде што како немоќни спектатори само го гледавме како се правеше законот од најсилните. Двете суперсили СССР и САД го имаа чувството на супериорноста и секоја од нив се фалеше со својата

идеологија, едната со социјализмот и комунизмот, додека другата со либералната демократија и капитализмот. Од двете суперсили Балканот секогаш е виден како полуостров каде што може да се вкрстуваат нивните геостратешки и геополитички интереси. Овој натпревар своето влијание го имало во настаните внатре балканските земји, водејќи до многу антагонизми, па сè до обидот за нивно надминување преку една конфедерална панбалканска држава на сличен формат како на оној на СРФЈ.

„Студената војна“ или нејзините најнови аналогии продолжуваат да постојат“[123]. Ова може добро да се види на градењето на надворешните политики и најеклатантното нивно претставување е присутно во ООН, кога за определени нешта се ставаат САД, Англија (и др.), а од друга страна Русија, Кина (и др.).

Внатрешните војни во СРФЈ потврдија дека евентуалната панбалканска творба би можела да ја продлабочи трагедијата со уште поголеми размери. Паѓањето на Берлинскиот ѕид, симболичен чин што го означуваше крајот на Студената војна и крајот на поделбата на светот во идеолошки, политички и војски блокови, за жал додека во Европа и свет се рефлектираше позитивно, во СФРЈ се рефлектираше негативно. Па така, на виделина излегоа и најпримитивните национал-шовинистички заострувања и бесови, чијашто злогласна еуфорија се појави во шест консеквентни војни: во Словенија, Хрватска, Босна, Косово, Србија и Македонија. Некогашната оаза на Европа, неврзаниот противтежа на суперсилите, местото каде што различни националности живееја во хармонијата братство-единство, стана пекол, каде што другиот од другата националност стана трн во око и цел за уништување. Носталгичарите на тоа време останаа без здив – чудени и изненадени како е можно од тоа идилско време одеднаш да се излезе во едно грозно време и цела со масакри. По кусата војна во Словенија, грозоморните војни во Хрватска и Босна каде што главни протагонисти беа Србите, а главен поттикнувач нивниот лидер Слободан Милошевиќ, избувна војна и во

[123] Ajvazi, Shemsi, ‘*Gjeopolitika*’, Dija, Prishtinë, 2009, f.11.

Косово. Сега меѓународната заедница веќе го имаше идентификувано виновникот и ѝ беше полесно да го најде и да интервенираше против него. Војната во Косово беше историски пресврт, па дури и со светски размери, бидејќи ги промени постојните граници. Поранешната автономна покраина на Србија и на Југославија се осамостојуваше и е признаена меѓународно како суверена држава од повеќе од 100 земји. Егзалтирани од поддршката на НАТО во Косово, Албанците се стремеа и кон две други војни, една на југот на Србија – Прешево и Бујановац, и втората во Република Македонија. И ден денес не е запрана дебатата про ет контра овие војни поради нивното влијание: во Србија бележаа само регрес во целокупната состојба на Албанците, додека во Македонија ниту самата ОНА немаше јасни објективи што сакаше да постигне, што се забележува со споредување на изјавите во почетокот и на оние по нив. Војните на Албанците во Косово, Србија и Македонија следеа по драматичните немири во Албанија во 1997 година, тогаш кога се создаде впечаток дека албанската држава беше на работ на растурувањето. Поради неуспехот на пирамидалните фирми, коишто не се спречеа од државата, многу граѓани изгубија стотини илјади долари, но имаше уште полошо. Имаше и такви што ги изгубија и нивните домови и останаа на улица. Разочарани и длабоко револтирани, тие излегоа на улица, кршеа и палеа што можеа од државниот имот, ги ограбија оружјата од касарните и почнаа да се убиваат. Полицијата се предаде, армијата се расфрла, тешкиот артилериски арсенал падна во рацете на криминалните банди коишто излегле од затвор.

"Се крадеше сè што се можеше: стакла на прозорци, плочки на покриви, огради од леано железо на околните претпријатија, резервни делови за машини, целосна техничка опрема"[124].

Една незамислива ситуација и грозно неопислива.

Албанија и онака беше оставена многу назад во инфраструктура од комунизмот, како да била африканска земја, така што ѝ

[124] Fuga, Artan, '*Shoqëria periferike*', Ora, Tiranë, 2000, f.98.

фалеше само оваа анархија за да се стигне кулминацијата. Со смирувањето на оваа ситуација во Албанија, веднаш во Косово истата година, значи 1997, се појави ОВК. Сега веќе многу оружје од Албанија беше увезено во Косово. Некои аналисти ја поставиле дилемата дека сценариото на Албанија било смислено намерно, така што полесно да почнуваше тоа на Косово. Во оваа насока во различни кулоари се зборува за сценарија од секаков вид, што дури навлегуваат и во конспиративните теории, додека за да се аргументира фактички треба збор да ѝ се даде на историјата.

Секако, имајќи ги предвид овие случувања академикот Мехмет Краја го постави прашањето: "Дали настаните од 1997 во Албанија беа "предигра" за идните настани во Косово?"[125]

Што се однесува до политичкото организирање, вреди да се спомене разликата помеѓу Албанија и Албанците во краиштата на бивша Југославија. Албанија градеше еден див социјализам, изолиран и скаран со сите држави на светот. За диктаторски енверистичкиот режим сите беа непријатели, некој империјалист, додека некој друг соц-империјалист. Внатре во државата се инсталираше див и застрашувачки систем, којшто постојано сееше параноја на војна, градејќи стотици илјадници бункери, насекаде: во планини, во полиња, во школски, болнички, градински и фабрички дворишта. Народот беше подготвен за една можна агресија, додека стопанството доживееше голем распад. Со демократизацијата на земјата, народот го виде дереџето во коешто го довело комунистичката пропаганда. Илјадници граѓани пребегнаа од земјата, не можејќи да се соочуваат со целокупната состојба. Првично, првите избори ги победи Комунистичката партија на трудот, којашто ги плашеше селаните преку пропаганда дека ако би победила Демократската партија, би им ги зел имотите и би им продала на надворешни инвеститори. Партијата на трудот не можеше да ја изменаџира победата, така што на вонредните избори убедливо победи најголемата опозициската Демократска партија. Оваа партија беше конгломерат на

---

[125] Kraja, Mehmet, '*Mirupafshim në një luftë tjetër*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.91.

луѓе од сите слоеви: бивши комунисти, бивши политички затвореници, студенти итн. Надолнината оваа партија ја зеде кога фати на нокта од пирамидалните фирми тогаш кога во 1997 година, како што рековме, се направи една извонредна анархија. Власта ја одзеде Социјалистичката партија којашто имаше историско наследство од Партијата на трудот, но од политички причини решила да го смени името. Оваа партија, освен со преродувањето на земјата, требаше да се занимава и со менаџирањето на кризата со бегалците од војната во Косово.

Во Албанија е еден феномен на постоењето на 150 партии, но повеќето од нив дури ни се натпреваруваат во избори. Главните партии се на левичарскиот блок – Социјалистичката партија и Социјалистичкото движење за интеграција, додека на десничарскиот блок се Демократската партија и Републиканската партија. Антагонизмите помеѓу овие две партии поминале во трајно непријателство, додека јазот помеѓу нив е ненадминлив. Мразот на дивите тензии го искрши бившата фракција на Социјалистичката партија – Социјалистичката партија за интеграција, којашто прифати да влезе во коалиција со Демократската партија и можеби ова е најинтересниот период во албанската политика. Илир Мета, еден дриблер и чуден акробат за власт, по владеењето со десничарите, им се врати пак на левичарите и го продолжи владеењето со нив. Кога беше со десничаебујусуф 1972рите беше агресивен со левичарите, пцуејќи го лидерот на социјалистите – Еди Рама – со истиот вокабулар што го пцуеше и Сали Бериша. Кога премина кај левичарите, почна да ги пцуе десничарите. Ова е уметноста на политиката на некои политичари, коишто според јазикот на Макијавели не ги штедат средствата за да ги постигнат целите. Во Косово пред војната приматот во политиката ја имаше ДСК на Ибрахим Ругова, недефинирана партија во нејзиниот почеток и којашто во нејзин состав имаше: бивши комунисти, марксисти, титисти, енверисти, балисти итн. Сите биле собрани во еден чадор за да стигнат еден објектив – самостојноста на Косово.

Пред ДСК, во Косово својата гранка ја прошири Асоцијацијата за Демократска Иницијатива во Југославија[126] со седиште во Загреб управувана од познатиот хрватски економист Бранко Хорват.

ДСК градеше паралелни структури во сите области, држејќи ги во илегала: образованието на сите нивоа, здравството и информирањето, и коишто се држеа од собирањето на финансиските средства од емигрантите. По војната ДСК продолжи да го задржи приматот во политичката сцена до смртта на својот историски лидер – Ибрахим Ругова. Самата година оваа партија се раздели во две парчиња во едно собрание каде што нејзините членови за стол почнаа да се тепаат со столчиња. Партијата се раздели во две дела и никогаш повеќе не го зеде првото место на избори. Среќата во несреќата на оваа партија ја пронајде ДПК на лидерот Хашим Тачи, партија што излегла од политичките структури на Ослободителната Војска на Косово (ОВК), чиишто членови беа од илегала, организирањата на марксисти-ленинистите во имиграција собрани во НДК. Но оваа партија никогаш не се произнесе како левичарска, иако имаше од своите членови коишто го посакуваа тоа. Челото на НДК потоа ја формираше Социјалистичката партија, но без никаков успех на изборите. Причината зошто косовските партии го избегнуваа називот „социјалистичка" беа многубројни, но меѓу главните причини се редија што во името на социјализмот поголемиот дел од населението претрпело страдања едно по едно под југословенскиот режим.

Имајќи го предвид ова, шефот на Социјалистичката партија на Косово – СПК (Partisë Socialiste të Kosovës – PSK), Емруш Џемајли, вели дека политичката сцена во земјата не одговара на структурата на населението.[127]

---

[126] Kraja, Mehmet, '*Vite të humbura*', Rozafa, Prishtinë, 2003, f.186.

[127] Исто така, тој е убеден и во левичарскиот дух на неколку партии, коишто не биле изјавени како такви. Во едно интервју за неделникот '*Epoka e Re*',

Друга партија што била составена од бивши структури на ОВК беше АИК на лидерот Рамуш Харадинај, којашто исто така имаше хетероген состав во себе. Иако беше идеолошки блиска до ДПК, тие беа ставени во опозиција, додека единствената причина за ова е бајрактаризмот. АИК јавно се произнесе како десничарска партија, па дури претендираше да го земе бајракот на десницата во Косово. И покрај различните произнесувања, главно индивидуални околу позиционирањето на партиите, сцената на профилирањето продолжува да останува матена и ова сè уште не била поставена како имедијатно прашање. Еден феномен е партијата АНК, којашто детално гледано на сцена излезе како левичарска, па дури и хуманистичка и солидарна, затоа што нејзиниот основач милијардерот Бехџет Пацоли почна да им изгради куќи на сиромашните, да прати болни луѓе за лечење во странство и да реновира клучни инфраструктури објекти. По доаѓањето на власт, Пацоли се фокусираше во израснување на својот бизнис.

Што се однесува до политичкото организирање на Албанците во Македонија, првично на сцена излезе ПДП, партија со разновидна структура: бивши комунисти, титисти, марксист-ленинисти, енверисти, бивши политички затвореници итн.

Една хетерогена партија, без јасен и добро дефиниран политички концепт, без внатрепартиски консензус и без силен лидер, не успеваше да ги хармонизира своите ставови, дотолку што европскиот амбасадор Герт Аренс рече: ‘дека не сфаќа што бараат Албанците во Македонија’[128].

Потоа излезе и Народна партија, како нешто порадикална во инсистирањето за барањата за правата на Албанците. ПДП речиси не постигна ниту еден конкретен резултат, освен неколку вработувања на нејзините функционери. ПДП владееше во

---

четврток, 4 јуни 2009, ff.4-5 тој се изразува дека програмата на СП е сличен на онаа на СДП и ОРА, додека по потекло и тело се на ДПК.

[128] Rexhepi, Zeqirja, *‘Partia Demokratike Shqiptare’*, Tringa Design, Tetovë, 2004, f.57 & Maliqi, Nazmi, ‘*Shpalosje*’, IADC, 2001, f.47.

почетокот на осамостојувањето на земјата со СДСМ, но и покрај ова немало произнесувања од челниците на оваа партија за нивното идеолошко позиционирање. Внатре во партијата почнаа да се нагласуваат бројни незадоволства, така што од ПДП излезе фракцијата ПАДП, што подоцна со соединувањето со Народната партија ја формираа ДПА. Лидерот на оваа партија, Арбен Џафери, беше некогашен комунистички кадар ставен во РТП за да ги уредува вестите од култура. Подоцна тој стана идеологот на Социјалдемократската партија на Косово, но потоа дојде во Македонија, ставајќи се на челото на ДПА. Иако ДПА го имаше лидерот и многу членови од бившиот марксистички-ленинистичкиот илегалитет, сепак забрза да се произнесе како десничарска уште од првите денови на своето основање. Изгледаше дека ова ќе се мотивираше поради генералните глобални текови, но и поради можноста на качување на власт со владејачкиот партнер ВМРО-ДПМНЕ, којшто го нарекуваше партнер со блиска идеолошка програма. Двете партии култивираа национализам и патриотски чувства, што им послужија за политички капитал.

По завршувањето на конфликтот во 2001 година, во политичката сцена излезе ДУИ – формација што се повикуваше на конфликтот од 2001 година и неговите придобивки. Но реално ДУИ во нејзините редови имаше различни членови, коишто ѝ се придружија на оваа партија, поради кариеристичките можности што ги пронаоѓаа таму. Лидерот на оваа партија – Али Ахмети – секогаш се произнесел како левичар, па дури и енверист и за ова и се гордеел дека го наследил од природата, зашто и децата му пишуваат и јадат со левата рака[129].

ДПА секогаш ги продолжила своите спротивставувања против ДУИ импровизирајќи сценарија на досиеја, инкриминирајќи нејзините членови вклучувајќи го и лидерот Али Ахмети како шпиони на Србија. ДПА ја осудила војната на 2001 година како

---

[129] Ahmeti, Ali, *'Njeriu që tronditi Maqedoninë'* (intervista dhe komente), Idriz Seferi, Kumanovë, ff.10, 11, 12, 29, 145.

бесмислена, што не му служела никому освен политичките водачи на ОНА за да се качат на врвовите на успехот.

Мендух Тачи, во неговата книга со збирка на интервјуа, но исто така и во медиумите често велеше дека ако не беше војната од 2001 година, ниту една албанска партија во Македонија немаше да може да ѝ ја преземе власта на ДПА преку слободно гласање.[130]

Реално сите партии направиле програми колку да се има, за електорални измами и со празни ветувања, никогаш остварени, без никаква визија или политичка стратегија. Нивната политика вреди да се нарекува улична политика или политичка уличност, затоа што на улица се собираат милитанти, од улица се извадат и се ставаат или се вработуваат до администрација и таму се држат како неколеблива армија на гласачи.

Како што тврди македонскиот аналитичар Бранко Героски, вистината беше дека лидерот на ВМРО-ДПМНЕ во само три години владеење ги потроши и Ахмети и Тачи. Героски потсетува на изјавата на Тачи, кога владееше заедно со Груевски, дека неговата коалиција е силна како гранит, додека Ахмети изјави дека коалицијата функционира совршено[131].

На крај би сакал да го додадам и фактот дека Балканот продолжува да останува буре на барутот, затоа што останале и понатаму огништа на криза, потенцијални за пукање на понатамошни конфликти, останува европски и светски експеримент, затоа што не се нуди јасна економска перспектива, чијшто недостаток остава простор за будење на национализми и го зголемува чувството на несигурноста во иднина. На Балканот изгледа дека се незадоволни од границите, секоја балканска држава има малцинство поделено со државни граници, сите се жалаат дека имаат болни историски спомени и нерасчистени сметки. Така,

---

[130] Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës*', TringaDesign', Tetovë, 2009, f.340.

[131] Дневен весник '*Koha*' сабота, 11 април 2009, f.10, Branko Geroski, "*Gruevski harxhoi Thaçin dhe Ahmetin, kush e ka radhën tani?" (Груевски го исцрпа Тачи и Ахмети и сега кому му е редот?).*

изгледа дека нема толку важност за тоа каква политика ќе доминира: лева или десна, туку важно е да се нуди јасна визија и поблескава перспектива за овие простории.

Summary: The left-right political spectrum at Albanian political parties in Balkan is even *more complex than we think. First of all this topic* involved *connection between each other. For example,* Socialist Party of Albania *ideologically* is linked with Democratic Party of Kosovo and Democratic Union for Integration from Macedonia. In the other hand Democratic Party of Albania is *ideologically* linked with Democratic League of Kosovo and with Albanian Democratic Party form Macedonia. But the scope of this study has some questioning; the main is that ideologies are not relevant when interests seem similarities between political parties.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Sartori, Giovanni, *'Ç'është demokracia'*, Dituria, Tiranë, 1998
2. Ajvazi, Shemsi, '*Gjeopolitika'*, Dija, Prishtinë, 2009
3. Саркањац, Бранислав, '*Македонски катахрезис'*, 359º Books 05, Скопје, 2001
4. Gellner, Ernest, '*Konditat e lirisë'*, Fryma - Dukagjini, Pejë, 2002
5. Fuga, Artan, '*Shoqëria periferike'*, Ora, Tiranë, 2000
6. Kraja, Mehmet, '*Vite të humbura'*, Rozafa, Prishtinë, 2003
7. Kraja, Mehmet, '*Mirupafshim në një luftë tjetër'*, Rozafa, Prishtinë, 2003
8. Rexhepi, Zeqirja, *'Partia Demokratike Shqiptare'*, Tringa Design, Tetovë, 2004, f.57 & Maliqi, Nazmi, '*Shpalosje*', IADC, 2001
9. Thaçi, Menduh, '*Politika e mbijetesës'*, TringaDesign', Tetovë, 2009
10. Ahmeti, Ali, *'Njeriu që tronditi Maqedoninë'* (intervista dhe komente), Idriz Seferi, Kumanovë, ff.10, 11, 12, 29, 145
11. Дневен весник '*Koha*' сабота, 11 април 2009
12. *Epoka e Re'*, четврток, 4 јуни 2009